РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЛАСНИЦА

Број 09 - 521/1
02.11.2026 година
ПЛАСНИЦА

ЈАВЕН ПОВИК ДО ГРАЃАНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2027 ГОДИНА

Почитувани граѓани,

Општина Пласница го започнува процесот на креирањето на Буџетот за 2027 година.

Со цел јавноста да се вклучи во процесот на креирањето на Буџетот за 2027 година, односно да се имаат во предвид потребите на граѓаните, Општина Пласница упатува јавен повик до институциите, здруженија на граѓани и поединци за доставување предлози, предлог - проекти од интерес на заедницата и конструктивни идеи за активности.

Предлозите може да бидат од сите сфери на надлежност на локалната самоуправа:

- комунални дејности
- урбанистичко планирање
- заштита на животна средина
- локален економски развој
- образование
- социјална заштита
- здравствена заштита
- спорт и млади
- поддршка на граѓанскиот сектор и
- други надлежности што се извршуваат согласно стандардите и постапките утврдени со закон.

Предлог-проектите и активностите со финансиска конструкција, треба да се достават на посебна пријава која може да се подигне од архивата на Општина Пласница или од веб-страницата на Општина Пласница: www.plasnica.gov.mk.

Пријавите можат да се достават преку архивата на Општина Пласница или во електронска форма на е-адресата: opstina_plasnica.yahoo.com (со назнака: за јавен повик за предлог-проекти за програми од делот на инфраструктурата, комунални работи, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, ЛЕР, спорт, култура, социјалната заштита и сл.) најдоцна до 30 ноември 2026 година.

ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
АЛИЈА ЈАОСКИ

_____